# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ЧАШКА

| Службен Гласник<br>на Општина Чашка<br>Излегува по потреба | Број 33<br>Година XXII<br>19.09.2018 | БЕСПЛАТЕН ПРИМЕРОК |
|---|---|---|

Врз основа на чл.50, ст.1, т.16 од Законот за локалната самоуправа ("Сл.Весник на Р.М." Бр.05/02), чл.133 т.1 од Законот за основното образование („Сл.Весник на Р.Македонија" бр. 103/2008, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16 и 127/16) и Известувањето/Изјава до Градоначалникот на Општина Чашка бр.09-1408/5 од 19.09.2018 година, Градоначалникот на Општина Чашка на ден 19.09.2018 година го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за РАЗРЕШУВАЊЕ ВД Директор на ООУ "ЛИРИЈА,, Горно Јаболчиште-Општина Чашка**

1.ФАТМИР АЛИЛИ ВД Директор на ООУ "ЛИРИЈА,, Горно Јаболчиште-Општина Чашка, од функцијата ВД Директор на ООУ "ЛИРИЈА,, Горно Јаболчиште-Општина Чашка заклучно со 19.09.2018 година, СЕ РАЗРЕШУВА .

2.Се задолжува разрешениот ВД Директор со новоименуваниот вршител на должност Директор во рок од 3 (три) дена да извршат примопредавање на правата и должностите, во согласност со позитивните законски прописи.

3.Лицето кое се разрешува во рок од 15 дена по разрешувањето се враќа на работа каде работел пред да биде избран за директор на вршење на работите кои одговараат на неговиот вид и степен на стручна подготовка.

4.Решението стапува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во "Сл.Гласник на Општина Чашка".

**Бр.09-1408/6 од 19.09.2018**

**ОПШТИНА ЧАШКА**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Горан Стојановски с.р**

Врз основа на чл.50, ст.1, т.9 од Законот за локалната самоуправа ("Сл.Весник на Р.М." Бр.05/02) и чл.135 ст.1 од Законот за основното образование („Сл.Весник на Р.Македонија" бр. 103/2008, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16 и 127/16), Градоначалникот на Општина Чашка на ден **20.09.2018** година го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за ИМЕНУВАЊЕ на вршител на должноста на Директор на ООУ "ЛИРИЈА,, Горно Јаболчиште-Општина Чашка**

1.За вршител на должноста на директор на Општинско Основно училиште "ЛИРИЈА,, Горно Јаболчичиште- Општина Чашка, се именува

-МЕРИТА СЕЈФУЛОВА, Дипл. Одделенски наставник, вработена во ООУ ""ЛИРИЈА,, Горно Јаболчиште-Општина Чашка на работно место одделенски наставник.

2. Вршителот на должноста на директор ќе ги има сите права и обврски како Директор на Основно општинско училиште, започнувајќи **од 20.09.2018 година**.

3.Се задолжува вршителот на должноста Директор во рок од 3 (три) дена со разрешениот ВД Директор на училиштето да извршат примопредавање на правата и должностите, во согласност со позитивните законски прописи.

4.Функцијата вршител на должност директор ќе се извршува се до изборот на Директор на Основно општинско училиште, но не подолго од 6 (шест) месеци.

5.Решението стапува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во "Сл.Гласник на Општина Чашка".

**Бр.09-428/6 од 20.09.2018**

**ОПШТИНА ЧАШКА**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Горан Стојановски с.р**

СОДРЖИНА:

1.Р Е Ш Е Н И Е за РАЗРЕШУВАЊЕ ВД Директор на ООУ "ЛИРИЈА,, Горно Јаболчиште-Општина Чашка
2. Р Е Ш Е Н И Е за ИМЕНУВАЊЕ на вршител на должноста на Директор на ООУ "ЛИРИЈА,, Горно Јаболчиште-Општина Чашка

**Издавач: ОПШТИНА ЧАШКА**
**Ул.,,Илинденска,, бр.8 1413 Населба Чашка**
**Уредник: Бојанка Мирова**
**Техничка изработка:Марјан Јовановски**